Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 ноември 2022 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 96-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 октомври 2022 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

- Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2022 година до 4.11.2022 година

1. Информација за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година, со Предлог-одлука

2. Информација за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2021 година, со предлог-одлуки

3. Информација за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука

4. Годишна сметка и финансиски извештаи за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година, со предлог-одлуки

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

6. Годишна сметка, Годишен финансиски извештај, Годишен извештај за работата на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година и Извештај од Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје, за резултатите од контролата над управувањето со АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје за 2021 година, со Извештај од независниот ревизор, предлог-одлуки и дополнување

7. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнување и Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино

9. Информација за влошената финансиска состојба на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, со дополнувања

10. Информација за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, со текст на Договор и Предлог-одлука

11. Информација за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Одлуката за давање на согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Северна Македонија-Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги Текнопанел ДОО Скопје, заведен кај закуподавачот под бр. 09-972/1 од 28.6.2022 година.

13. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана од Зорица Апостолска, министер без ресор на Владата на Република Македонија задолжена за привлекување на странски инвестиции, Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик Фар Ист Лимитед (Wik Far East LTD) бр.13-2138/1 од 19.2.2018 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-9867/1 од 25.10.2018 година, со Предлог-одлука

14. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за трансформирање на Технолошко-индустриска развојна зона „Радовиш" во Индустриска зона „Радовиш", со Предлог-одлука за трансформирање на Технолошко-индустриска развојна зона „Радовиш" во Индустриска зона „Радовиш"

15. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

16. Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог-одлука

17. Извештај за извршени преговори за Договорот помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Механизмот за цивилна заштита на Унијата, со усогласен текст на Договор

18. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (водоводна мрежа во подрачје ТИРЗ Струга бр.03-1082/1)

19. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (атмосферска канализациона мрежа во подрачје на ТИРЗ Струга бр.03-1080/1)

20. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.27/22)

21. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.29/22)

22. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Универзитет „Св. Климент Охридски''-Битола)

23. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Јавна здравствена установа-Општа болница со проширена дејност-Кавадарци.

24. Статут на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

25. Информација за преземање на идни активности за намалување на неформалната економија
26. Информација за воспоставување на Систем за следење и контрола на тутунски производи-Truck&Trace

27. Информација за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со предлог-решенија

28. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“, с.Беловодица, Општина Прилеп, со Предлог-решение

29. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак“, с. Мали Влај, Општина Струга, со Предлог-одлука

30. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Капиштец-Скопје, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Етерно, Струмица, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Подгорски ан-Струмица, со Предлог-решение

33. Информација за изменување и дополнување на постојните закони (Закон за железничкиот систем; Закон за интероперабилност во железничкиот систем и Закон за сигурност во железничкиот систем) и изработка на нови закони (Закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем и Закон за основање на Агенција за истражување на несреќи и сериозни инциденти во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај)

34. Информација  во врска со потребата за донесување на Програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2023-2025 година и Уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, со  Предлог-програма и Предлог-уредба

35. Информација за реализација на мерките од Акцискиот план за железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта, Акцискиот план за безбедноста на патиштата и Акцискиот план за воден сообраќај и мултимодалност, усвоени од Владата на Република Северна Македонија и Министерскиот совет на Транспортната заедница

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 10+160,00 до км 11+600,00 КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

37. Информација со Предлог- одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Оптичари, Општина Битола

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Крива Паланка, со Предлог-одлука

39. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП 1712/1 (север) за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

40. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП 1712/1 (југ) за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

41. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година

42. Предлог-решение за дополнување на Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините

43. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Трговското друштво за игри на среќа, производство, трговија и услуги „Матрикс“ увоз-извоз ДОО Охрид во автомат клубот кој се наоѓа на ул.„Партизанска“ бр.12, Охрид

44. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Принцесс хотел и казино“ ДОО Богородица Гевгелија за деловната просторија на Граничен премин Богородица, Гевгелија

45. Предлог на закон за вештачење (*)

46. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учеството на Република Северна Македонија во „Царините“ Програма на Унијата за соработка во областа на царините

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“-Битола

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар „д-р Златан Сремец“-Скопје

49. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Куманово (16)

50. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги)

52. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на природата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

53. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

54. Барање за автентично толкување на членовите 22, 26 и 31 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово

55. Барање за давање на автентично толкување на член 128 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Соња Михаиловска

56. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства

57. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на претседателот и членовите на работните тела/комисии, поднесена од група пратеници

58. Иницијатива од Ацо Томановски застапуван од полномошник Калин Митрески адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.97/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата за изменување на Уредбата за надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.81/22)

59. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.91/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 3, член 54 точка 3 и член 112 став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20 и 151/21 и 288/21)

60. Понуда од нотар Кристина Костовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44759, за КО Гази Баба, КП бр. 1450, КП бр.1451, КП бр.1452, КП бр.1453, КП бр.1454, КП бр.1458/1, КП бр.1459, КП бр.1460, КП бр.1461, КП бр.1462, КП бр.1463, КП бр.1464, КП бр.1465 и КП бр.1469, викано место/улица „Перо Наков“

61. Понуда од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.42616, за КО Битола 4 на КП бр.6133, викано место/улица „Довлеџик“

62. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.330, за КО Арвати, на КП бр.782, Викано место/улица „Село“

63. Известување од извршител Методија Костадинов, за Заклучок за трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 8 ноември 2022 година, доставен под И .бр. 574/ 21, со Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање

64. Кадровски прашања

65. Прашања и предлози

66. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Изградба на патна делница Градско-Клучка Дреново, како дел од коридор X-d“, по заклучок бр.1, точка 6 од Нацрт-записникот од 99 тематска седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017 година

67. Информација за хакерскиот напад на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

68. Информација за работата на Комисијата за следење на спроведувањето на мерките од Акцискиот план за Преспанско Езеро

69. Информација во врска со поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври -Еурокомпозит АД Прилеп

70. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.61/22
71. Информација за одржување на втората заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, што ќе се одржи на 14 ноември 2022 година во Скопје

72. Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022 година

73. Деталниот преглед на рокови за доставување на материјали до Европска комисија за билатерален скрининг

74. Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер-фундаментални вредности Поглавје 24-правда, слобода и безбедност, кој ќе се одржи од 21 до 23 ноември 2022 година, со прилози

75. Информација во врска со потпишувањето на Меморандум за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Државниот министер за заштита на претприемништво на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандум

76. Извештај за завршени преговори, со усогласен текст на Договор за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло

77. Извештај за завршени преговори и за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за надворешни работи и трговија на Унгарија во рамки на Програмата Стипендиум Хунгарикум за период од 2023 до 2025 година, со текст на Меморандум

78. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството

79. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, по скратена постапка

80. Информација за завршените преговори за потпишувањето на Меморандумот за разбирање и соработка во областа на јавни финансии и во процесот за пристапување во Европската Унија помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандум за разбирање

81. Информација за статусот на Проектот за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река

82. Барање на Арда Окан Куртулан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

83. Барање на Калкан Берат, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

84. Информација за усогласување на Меморандумот за разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија во полето на дигиталната трансформација, претставувана од Министерството за информатичко општество и администрација и Владата на Република Албанија

85. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договор меѓу Влада на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста

86. Информација во врска со Меморандум за соработка во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандумот

87. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 15 ноември 2022 година

88. Информација во врска со Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Друштвото за производство, собирање, преработка и рециклирање на отпад Финс интернационал ДООЕЛ Тетово

89. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 октомври 2022 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

Владата ја разгледа Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2022 година до 4.11.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи буџетските корисници да ги интензивираат активностите насочени кон реализација на капиталните расходи.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од

1.1.2021 година до 31.12.2021 година, доколку Министерството за економија достави ново мислење по истата.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2021 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2021 година.

2. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2021 година (Шеваљ Цеку-извршен член на Одборот на директори).

3.Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2021 година (Булент Камбер -претседател на Одборот на директори за период од 1.1.2021 година до 4.8.2021 година и неизвршен член на Одборот на директори за период од 5.8.2021 година до 31.12.2021 година).

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2021 година (Јасна Оровчанец -Аранѓеловиќ-неизвршен член на Одборот на директори за период од 1.1.2021 година до 4.8.2021 година и претседател на Одборот на директори за период од 5.8.2021 година до 31.12.2021 година).

5. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2021 година (Сања Цековска-неизвршен член на Одборот на директори).

6. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2021 година (Светлана Тодоровска-неизвршен член на Одборот на директори за период од 1.1.2021 година до 29.11.2021 година) и

7. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2021 година (Сандра Стаменковска-неизвршен член на Одборот на директори за период од 30.11.2021 година до 31.12.2021 година).

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје за 2021 година.

## Точка 4

Владата по Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година, со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година.

3. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2021 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година (Кристијан Трајковски-извршен член на Одборот на директори).

5. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година (Александар Цуцулоски- неизвршен член на Одборот на директори).

6. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година (Мухамед Љамалари-неизвршен член на Одборот на директори).

7. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година (Вангел Андрески -претседател на Одборот на директори).

8. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година (Силвана Јовческа-независен неизвршен член на Одборот на директори).

9. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2021 година (Шукри Масурица-неизвршен член на Одборот на директори).

Истовремено, се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители, за отстранување на основите за мислењето со резерва во Извештајот на независниот ревизор.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово.

**Точка 6**

Владата по Годишна сметка, Годишен финансиски извештај, Годишен извештај за работата на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година и Извештај од Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје, за резултатите од контролата над управувањето со АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје за 2021 година, со Извештај од независниот ревизор, предлог-одлуки и дополнување, ги донесе:

1.Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Извештај од независниот ревизор за 2021 година.

2.Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година.

3.Одлуката за покривање на загубата по Годишна сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година.

4.Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (м-р Васко Ковачевски).

5.Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Фатмир Лимани).

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (д-р Имер Зенку).

7.Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Ѓорги Михаилов).

8.Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Душица Сеизовска Јовановиќ).

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Добрила Стефаноска).

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Благојче Трповски).

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Марјанчо Николов).

12. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Данчо Стојановски).

13. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Благој Гајдарџиски).

14. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Слаѓана Богдановиќ).

15. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година ( д-р Златко Петрески).

16. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година ( д-р Сашо Додовски)

17. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Љубчо Кижевски).

18. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Фросина Крстевска).

19. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Игор Петков).

20. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Џемаиљ Јусуфи) и

21. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година (Васил Коцев); Истовремено, Владата заклучи предлагачот во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители, за отстранување на основите за мислењето со резерва во Извештајот на независниот ревизор.

**Точка 7**

Владата по Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнување и Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година.

Исто така, предлагачот во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители, за отстранување на основите за мислењето со резерва во Извештајот на независниот ревизор.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за влошената финансиска состојба на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, со дополнувања, поради потребата предлагачот:

- да го дополни материјалот со план за преструктурирање и план за рационализација на трошоците и слично и

- дополнително да се усогласи со Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

Материјалот потоа повторно да се разгледа на седница на Влада.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, со текст на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги

Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје- корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.

**Точка 12**

Владата ги донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Одлуката за давање на согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Северна Македонија-Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги Теконопанел ДОО Скопје, заведен кај закуподавачот под бр. 09-972/1 од 28.6.2022 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана од Зорица Апостолска, министер без ресор на Владата на Република Македонија задолжена за привлекување на странски инвестиции, Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик Фар Ист Лимитед (Wik Far East LTD) бр.13-2138/1 од 19.2.2018 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-9867/1 од 25.10.2018 година, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договорот бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана од Зорица Апостолска, министер без ресор на Владата на Република Македонија задолжена за привлекување на странски инвестиции, Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик Фар Ист Лимитед (Wik Far East LTD) бр.13-2138/1 од 19.2.2018 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-9867/1 од 25.10.2018 година.

2. Го задолжи давателот на државна помош од Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана од Зорица Апостолска, министер без ресор на Владата на Република Македонија задолжена за привлекување на странски инвестиции, Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик Фар Ист Лимитед (Wik Far East LTD) бр.13-2138/1 од 19.02.2018 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-9867/1 од 25.10.2018 година, да ја достави до Дирекцијата комплетната документација и евиденција за доделена државна помош по основ на Договорот.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за трансформирање на Технолошко-индустриска развојна зона „Радовиш" во Индустриска зона „Радовиш“, со Предлог-одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за трансформирање на Технолошко -индустриската развојна зона „Радовиш“ во Индустриска зона „Радовиш“.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да подготви и до Владата да достави информација со целосна анализа на сите договори и сите пренамени на земјиштето во технолошките индустриски развојни зони во кои нема објекти со цел да се разгледа можноста да се трансформираат во друг вид зони.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.

**Точка 16**

Владата по Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година.

**Точка 17**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за Договорот помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Механизмот за цивилна заштита на Унијата, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Механизмот за цивилна заштита на Унијата.

2. Се определува Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Механизмот за цивилна заштита на Унијата.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (водоводна мрежа во подрачје ТИРЗ Струга бр.03-1082/1).

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (атмосферска канализациона мрежа во подрачје на ТИРЗ Струга бр.03-1080/1).

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.27/22).

**Точка 21**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.29/22), поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Јавна здравствена установа-Општа болница со проширена дејност-Кавадарци.

**Точка 24**

Владата по текстот на Статутот на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на идни активности за намалување на неформалната економија, ја усвои и ги задолжи Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за финансии -Управа за финансиско разузнавање, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за правда, Министерството за информатичко општество и администрација, Бирото за јавни набавки, Централниот регистар, Инспекцискиот совет, Државниот завод за статистика, Државниот инспекторат за труд и Државниот пазарен инспекторат да номинираат член и заменик член во Работната група за подготовка на Стратегија за формализација на неформална економија 2023-2025 година, со Акциски план, и најдоцна до 10 ноември 2022 година (четврток), номинацијата да ја достават до Министерството за финансии.

**Точка 26**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за воспоставување на Систем за следење и контрола на тутунски производи-Truck&Trace, со препораки за начинот на имплементација во Република Северна Македонија, за наредна седница на Владата, поради потребата мислење во однос на истата да достават Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со предлог-решенија, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Решението за разрешување од должноста член на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

2. Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен", с.Беловодица, Општина Прилеп, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен" , с.Беловодица, Општина Прилеп.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак", с. Мали Влај, Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак", с. Мали Влај, Општина Струга.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Капиштец-Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Етерно, Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Подгорски ан-Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за мотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на постојните закони (Закон за железничкиот систем; Закон за интероперабилност во железничкиот систем и Закон за сигурност во железничкиот систем) и изработка на нови закони (Закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем и Закон за основање на Агенција за истражување на несреќи и сериозни инциденти во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај), ја усвои Информација и го задолжи Министерството за транспорт и врски да ги подготви предлогот на закон за изменување и/или дополнување на Законот за железничкиот систем, предлогот на закон за изменување и/или дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, предлогот на закон за изменување и/или дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, предлогот на закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем и предлогот на закон за основање на Агенција за истражување на несреќи и сериозни инциденти во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај и да ги достави до Владата до 30.11.2022 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за донесување на Програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2023-2025 година и Уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, со Предлог-програма и Предлог-уредба и условно ја усвои Информацијата, доколку Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, достави позитивно мислење по истата, со следните заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2023-2025 година и

2. Ја донесе Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, со заклучок од текстот на истата да се изостави членот на Министерството за финансии.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на мерките од Акцискиот план за железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта, Акцискиот план за безбедноста на патиштата и Акцискиот план за воден сообраќај и мултимодалност, усвоени од Владата на Република Северна Македонија и Министерскиот совет на Транспортната заедница и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го задолжи Министерството за транспорт и врски во врска со реализацијата на мерките од Акцискиот план за железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта, Акцискиот план за безбедноста на патиштата и Акцискиот план за воден сообраќај и мултимодалност на годишна основа да ја информира Владата.

2. Го задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за финансии-Царинска управа, Секретаријатот за европски прашања, а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, Управата за сигурност во железничкиот систем и Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, да доставуваат информации за прогрес/статус на мерките од наведените акциски планови, секој за надлежноста на својата институција во рок од пет работни денови од добивањето на барање од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 10+160,00 до км 11+600,00 КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 10+160,00 до км 11+600,00 КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба со заклучок во текстот на истата да се избрише КП бр.3994/1 КО Катлановска Сушица.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог- одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Оптичари, Општина Битола, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска општина Оптичари, Општина Битола.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Крива Паланка.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП 1712/1 (север) за изградба на објект со намена А4-времено

сместување, КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП 1712/1 (север) за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Добри Дол, Општина Сопиште.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП 1712/1 (југ) за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП 1712/1 (југ) за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Добри Дол, Општина Сопиште.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година.

**Точка 42**

Владата го донесе Решението за дополнување на Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

**Точка 43**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Трговското друштво за игри на среќа, производство, трговија и услуги „Мактрикс“ увоз-извоз ДОО Охрид во автомат клуб, кој се наоѓа на ул.„Партизанска“ бр.12, Охрид.

**Точка 44**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог- лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Принцесс хотел и казино“ ДОО Богородица Гевгелија за деловната просторија која се наоѓа на Граничен премин „Богородица“, Гевгелија.

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлогот на закон за вештачење (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учеството на Република Северна Македонија во „Царините“ Програма на Унијата за соработка во областа на царините, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и м-р Славица Кутиров, директор на Царинската управа.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“- Битола.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар д-р Златан Сремец- Скопје.

**Точка 49**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“-Куманово).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Магдалена Антова“-Куманово).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Наим Фрашери“-Куманово).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Јероним Де Рада“-с.Черкези, Куманово).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“-с. Романовце Куманово).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Крсте Мисирков“-Куманово).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Битолскиот Конгрес“, с.Лопате- Куманово).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Христијан Карпош“-Куманово)

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Толи Зордумис“-Куманово).

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“-Куманово).

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Браќа Рибар“, с. Табановце-Куманово).

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Карпош“ с. Умин Дол-Куманово).

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „11 Октомври“-Куманово).

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Вера Которка“-с.Клечевце).

16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Вук Караџиќ“-Куманово).

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги).

**<u>Точка 52</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на природата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата ја поддржува Иницијативата за изменување и дополнување на Предлогот на закон за заштита на природата во делот на забрана на градбите и поставување на времени објекти, привремени живеалишта и викендички во заштитените подрачја особено во национален парк.

Предлозите кои се поднесени од група на пратеници ќе бидат анализирани во новиот Предлог на закон за заштита на природата кој е усогласен со директивите на Европската Унија за живеалишта и птици и истиот е во фаза на секторска усогласување.

Предложените измени од група пратеници може да предизвикаат и фискални импликации за државата и да повлечат промени во постојните планови за управување со заштитени подрачја, како и режимот на заштита во зоните. Од тие причини прво треба да се направи детална анализа за постоењето на тековните објекти (моментален пресек во националните паркови и другите категории на заштитени подрачја), како и степенот на нивна легализација. Во анализата треба да бидат вклучени и субјектите за управување со заштитените подрачја.

Што се однесува до забраната на поставување на времени објекти во зоната за одржливо користење во националните паркови и другите заштитени подрачја, истата може да има негативно влијание во развојот на еко туризмот во заштитените подрачја и обезбедување на екосистемските услуги.

**Точка 53**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по текстот на Предлогот на законот за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група на пратеници.

**Точка 54**

Владата го разгледа Барањето за автентично толкување на членовите 22, 26 и 31 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово и притоа го утврди следново мислење:

Согласно членот 22 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20) за кој се бара автентично толкување е предвиден планскиот период на урбанистички планови каде согласно став 1) и став 2) планирањето на просторот се врши за одреден плански период, кој служи за пресметување на идните потреби за просторен развој и за предвидување на програмските параметри на просторниот развој во постапката за изработување и спроведување на плановите. Планскиот период е време за кое се прави проекција на сите состојби и развојни тенденции врз основа на податоците собрани во базната година на отпочнување со изработка на урбанистички план и временски период за кој се очекува урбанистичкиот план да се реализира и воедно е предвидено дека планскиот период изнесува десет години за генерален урбанистички план.

Во членот 26 од Законот за урбанистичко планирање се предвидува постапката за донесување на генерален урбанистички план, која започнува со одобрувањето на планската програма од страна на надлежниот градоначалник на општината, на општината на градот Скопје или на Градот Скопје.

Во членот 31 од Законот за урбанистичко планирање се предвидува постапката за изменувања и дополнувања на урбанистичките планови што по правило се врши во истата постапка што е пропишана за нивното донесување, а предмет на изменување и дополнување на урбанистички план може да биде кој било дел од содржината на планот или дел од планскиот опфат што претставува планерски единица или нејзин дел, или што претставува графичка, нумеричка или текстуална планска одредба, при што содржината на изменувањето и дополнувањето на планот се изработува само за делот кој е предмет на изменување и дополнување, а вклучува и збирни податоци на ниво на вкупниот опфат на планот кои произлегуваат.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија укажува дека изменување и дополнување на генерален урбанистички план се прави на донесен генерален урбанистички план што е на сила до донесување на нов генерален урбанистички план, односно со донесувањето на нов генерален урбанистички план ќе престанат да важат сите претходни планови.

Согласно цитираните одредби, во однос на истовремено водење на постапка за изменување и дополнување на генерален урбанистички план и постапка за нов генерален урбанистички план, не постои законска пречка, но економската оправданост за водење на овие постапки е исклучиво надлежност на донесувачите на планот.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија, смета дека членовите 22, 26 и 31 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20) се јасни и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не поведе постапка за автентично толкување.

**Точка 55**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 128 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Соња Михаиловска и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/08, 119/10 и 23/13), барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и градоначалникот на Градот Скопје и советите на општините и Советот на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.

Согласно член 176 од Деловникот, барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, а доколку законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа по истото и одлучува по предлогот на иста седница. Според истиот член од Деловникот, автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Во Законот за работните односи во член 128 е предвидено:

(1) Работникот кој работи ноќе барем три часа од својата редовна дневна работна обврска, односно работникот кој одработува ноќе третина од полното работно време од својата годишна работна обврска, има право на посебна заштита за ноќна работа.

(2) Ако на работник заради ноќна работа според мислење на лекарската комисија заради таквото работење би можела да му се влоши здравствената состојба, работодавачот е должен да го ангажира на соодветна работа дење.

(3) Работодавачот, на негов трошок е должен на работниците кои работат ноќно време да им обезбеди:
1) подолг одмор;

2) соодветна храна или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќе,
3) стручно раководство на работниот, односно производниот процес и
4) лекарски прегледи, пред нивно ангажирање во ноќна работа и во редовни временски периоди утврдени со закон.

(4) Ако работата се врши во смени, работодавачот е должен да обезбеди периодично менување на работниците.

(5) Доколку нема јавен превоз, работодавачот, не смее да го распореди на ноќна работа работникот на кој нема да му обезбеди услови за превоз до и од работа.

Според наводите на подносителот на барањето, во ставот (1) од член 128 е нејасно кога работникот ќе добие дополнителни права од работен однос поради тоа што работи ноќна работа. Проблемот е во тоа што со овој став се предвидени два услови кои се сметаат како потребни, односно кои треба да се исполнат за да може да се користат дополнителните права од работење ноќе. Првиот услов кој се предвидува е на дневна основа, а вториот е на годишна основа. Поради ваквата формулација на став (1) од член 128 од Законот, се прави дилема кој услов треба да е исполнет, дали двата критериуми заедно, или доколку само едниот услов е исполнет е доволно и тогаш работодавачот треба да обезбеди и дополнителни права на работникот од работа ноќе кои се предвидени во ставот (3) од членот 128 на Законот за работните односи.

Според наводите на подносителот на барањето, потребата за автентично толкување на членот 128 има и дополнително, бидејќи создава дилема при работата на вештаците за економско-финансиските вештачења поврзани со оваа одредба, а кое нешто пак следствено создава проблем и при судските постапки и судската пракса.
Во Законот за работните односи во членот 123 е предвидено:

(1) Распоредувањето и условите за времено прераспоредување на работното време се одредуваат со закон, колективниот договор или договорот за вработување.

(2) Работодавачот мора во писмена форма да го извести работникот за временото прераспоредување на работното време најмалку еден ден пред тоа.

(3) При распоредување на полното работно време работникот не смее да биде распореден на помалку од четири работни дена во неделата.

(4) Распоредувањето на работното време се врши според природата или организацијата на работата или потребите на корисниците. При распоредување, како и временото прераспоредување на полното работно време, работното време не смее да трае повеќе од 40 часа неделно и не помалку од четири часа дневно.

(5) При распоредување, како и временото прераспоредување на работното време се зема предвид работното време како просечна работна обврска во периодот, кој не смее да биде подолг од шест месеца.

(6) Одредбата од членот 120 на овој закон за забрана на работа преку полното работно време важи, исто така, и во случај на нееднакво распоредување или прераспоредување на работното време.

Во Законот за работните односи во член 124 е предвидено:

(1) Прераспределбата на работното време може да се изврши кога тоа го бара природата на дејноста, односно работите и задачите.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, прераспределбата на работното време се врши така што вкупното работно време на работникот во просек да не биде подолго од 40 часа во работната недела во текот на годината.

(3) При прераспределба на работното време за вршење на сезонска работа, работното време не може да биде подолго од 12 часа дневно или 55 часа неделно, за време не подолго од четири месеци.

(4) Работното време од ставот (3) на овој член кое е подолго од 40 часа во работната недела се засметува и надоместува во пократко работно време во други работни денови или со слободни работни денови за времетраењето на договорот за вработување.

(5) Прераспределените работни часови не се сметаат како прекувремена работа за која се исплаќа додаток на плата.

(6) Забранета е работа со прераспределени работни часови на помлад работник, работник-инвалидно лице, бремена работничка, работник кој постојано се грижи за дете до тригодишна возраст, работник-самохран родител кој постојано се грижи за дете помладо од 15-годишна возраст.

Во Законот за работните односи во член 124-а е предвидено:

(1) Работодавачот може да ја организира работата и во смени.

(2) Работа во смени значи секој метод на организирање на работата во смени во која работниците се сменуваат едноподруго на исто работно место во согласност со одреден план и кое може да биде континуирано или со прекини, вклучувајќи ја потребата за работниците да работат во различно време во даден период на денови или недели.

(3) Планот од ставот (2) на овој член се доставува и до синдикалната организација кај работодавачот, најмалку 10 работни дена пред примената на планот.
Распоред на работното време

Во Законот за работните односи во член 125 е предвидено:

(1) Распоредот на работното време го утврдува работодавачот.

(2) Распоредот на работното време во областа на сообраќајот и врските, прометот на стоки, здравството, социјалната и детската заштита, образованието и во другите јавни установи, комуналните дејности, угостителството, туризмот и занаетчиството се утврдува со одлука на органот на државната управа од соодветната област.

Во Законот за работните односи во член 127 е предвидено:

(1) Ноќна работа се смета работењето во ноќно време.

(2) Ноќно време е периодот меѓу 22:00 часот и 6:00 часот наредниот ден.

(3) Работодавачот, кој користи редовно работници за ноќна работа е должен да ја извести инспекцијата на трудот.

Распоредот на работното време е техничко прашање преку кое се изразува правото на работодавачот да го организира работното време. Распоредот значи, работодавачот го распоредува работното време, т. е. ги определува почетокот и завршувањето на работните часови на работникот во текот на работниот ден.

Распоредувањето на работното време вообичаено опфаќа работна недела што по правило трае пет работни дена.

Распоредувањето на полното работно време може да се изврши и во период подолг од пет работни дена (но најмногу шест работни дена), но и во период помалку од пет работни дена, односно осум работни часа во текот на работниот ден. Во овој случај, Законот поставува три дополнителни лимити:

- прво, минимален број работни денови во неделата во кои може да се распореди полното работно време и овој лимит изнесува четири работни дена;

- второ, минимален број работни часови во текот на работниот ден што може да ги работи работникот во полно работно време, при што работникот не смее да биде распореден на помалку од четири часа дневно; и

трет лимит, кој претставува потврда за највисоката граница што го опфаќа полното работно време, укажувајќи дека полното работното време не смее да трае повеќе од четириесет часа неделно.

Во случај на времено прераспоредување на работното време, работодавачот е должен во писмена форма да го извести работникот најмалку еден ден пред тоа.

Доколку работата е организирана во смени, Законот за работните односи предвидува обврска за информирање на синдикалната организација кај работодавачот пред воведувањето на сменската работа, односно пред примената на планот за организација на работата во смени.

Ноќната работа го опфаќа временскиот период помеѓу 22:00 часот и 6:00 часот наредниот ден, а работници што работат ноќе се оние лица што барем три часа од својата редовна дневна работна обврска работат ноќе, односно работниците што ноќе одработуваат третина од полното работно време од својата годишна работна обврска.

Работниците што работат ноќе имаат повеќе права што се во насока на заштита на нивното здравје и безбедност при работа. Такви права се: правото на подолг одмор; соодветната храна; стручното раководство над работниот, односно производниот процес и лекарските прегледи пред ангажирањето на работниците во ноќна работа и во редовни временски периоди утврдени со закон. Законот за работните односи упатува и на дополнителни ограничувања во спроведувањето на ноќната работа, меѓу кои спаѓаат: забраната за работа ноќе подолга од осум часа за работниците што се наоѓаат во ризик од поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања; забраната за распоредување работници на ноќна работа доколку

работодавачот не обезбеди услови за превоз до и од работното место и должноста од обезбедување периодично менување на работниците што работат ноќе.

Работникот може да работи во ноќно работно време само ако работодавачот ја организира работата и во смени.

Работа во смени значи секој метод на организирање на работата во смени во која работниците се сменуваат едноподруго на исто работно место во согласност со одреден план и кое може да биде континуирано или со прекини, вклучувајќи ја потребата за работниците да работат во различно време во даден период на денови или недели.

За работењето во смени работодавачот изготвува претходен план за работа согласно однапред утврдениот распоред и распоредувањето на работното време.

Од планот за сменското работење за секој вработен работник се гледа на дневна основа, неделна и месечна основа, дали еден вработен ќе врши работни задачи во времето кое спаѓа во ноќна работа. Планот се доставува до работникот и до синдикалната организација кај работодавачот, најмалку 10 работни дена пред примената на планот.

Планот за сменското работење што го изработува работодавачот е доволна гаранција за утврдување на ноќната работа, односно од истиот може точно да се утврди дали распоредот на дневното работното време ќе опфати и три часа ноќна работа. Од истиот план може да се утврди севкупното работно време на работникот поминато во ноќна работа на годишно ниво, односно може да се утврди дали од севкупното работно време на работникот во годината една третина од тоа време било работно време поминато на работа како ноќно работно време.

Напред наведените услови што треба да се исполнат во однос на ноќната работа се предвидени како посебни, односно не се земени кумулативно и многу е јасно и недвосмислено во секоја смисла да се врши нивна практична примена.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 128 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) е јасен и прецизен и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

**Точка 56**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), Македонската радио-телевизија е должна на секои пет години да донесе Стратегија за развој за наредните пет години, која содржи и годишни планови за имплементација, што се ревидираат секоја година врз основа на анализа на спроведувањето на стратегијата. Според став 2 од овој член, Македонската радио-телевизија донесува Годишна програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието, најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се

однесува за наредната година и истата особено треба да содржи: Програма за работа за наредната година со планирани активности, особено за исполнување на програмските обврски на Македонската радио-телевизија согласно овој закон и финансиски план за наредната година, кој ги содржи планираните приходи и расходи на Македонска радио-телевизија за наредната година, групирани по структура и по организациона структура на Македонската радио-телевизија, како и предвидените капитални инвестиции на Македонската радио-телевизија. Според став 3 од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за наредната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Македонската радио-телевизија за тековната година, а според став 4 од овој член, финансискиот план од ставот 2 алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието, најдоцна до 31 декември во тековната година.

Со доставениот материјал се предлага измена на Финансискиот план на ЈРП „Македонска радио-телевизија" за 2022 во делот на планираниот износ на приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Согласно доставениот материјал, Претпријатието врши зголемување на износот на планирани буџетски приходи за финансирање на програмски и техничко-технолошки развој, така што првично планираните приходи од 254.400.000 денари се зголемуваат на 354.400.000 денари.

Наведената корекција предизвикува и соодветна измена во делот на вкупните износи на приходи и расходи на Претпријатието. Имено, првично планираните приходи и расходи се зголемени, така што од 1.029.900.000 денари истите се проектирани на износ од 1.129.900.000 денари.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на претседателот и членовите на работните тела/комисии, поднесена од група пратеници и даде позитивно мислење по истата.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Иницијативата од Ацо Томановски застапуван од полномошник Калин Митрески адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.97/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата за изменување на Уредбата за надомест за приватизација на градежното земјиштето се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.81/22) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се оспорува членот 2 од Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/22), бидејки е во спротивност со член 8 став (1) точка 3, член 50, член 51 и член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите во Иницијативата со оспорената одредба се прави повреда на уставноста и законитоста бидејќи законите во Република Северна Македонија мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите (член 51 од Уставот), законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок кога тоа е поповолно за граѓаните (член 52 од Уставот).

Имено, според наводите во Иницијативата оспорената одредба е неспроведлива во практиката, бидејќи на овој начин се дава повратно дејство на Уредбата иако е понеповолна за странките и се применува на веќе започнати постапки за приватизација, со што се создава тешка материјално-финансиска обврска за лицата кои постапката за приватизација ја имаат покрената многу порано од донесувањето на новата Уредба со што се нарушува правната сигурност и владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок, што е спротивно на членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:
Согласно членот 24 став (1) од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), висината на надоместот за градежното земјиште што е предмет на приватизација, како и начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација, на предлог на министерот за финансии ги пропишува Владата на Република Северна Македонија.
Според член 1 од Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 81/22) Прегледот за висина на надоместот за приватизација на градежното земјиште се заменува со нов Преглед кој е составен дел на оваа уредба.

На постапките за приватизација на градежното земјиште започнати пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба, ќе се применува висината на надоместот определена со Прегледот кој е составен дел на оваа уредба, согласно член 2 од Уредбата.

Имено, со Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/22), се утврдува повисок износ на надомест за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост со намена: предвидено колективно домување со актите за планирање на просторот кое не е реализирано, комерцијални, деловни, стопански, производни и објекти наменети за спорт и рекреација.

При тоа, висината на износот за надоместот за приватизација за градежно земјиште во државна сопственост за сите други видови намени останува непроменета.

Измената во смисла на погоре наведеното е извршена поради зголемената пазарна вредност на градежното земјиште во однос на вредноста на градежното земјиште во 2005 година, кога влезе во сила Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, а пред сѐ со цел да се оневозможи правните и физички лица кои по основ на приватизација со досегашниот надомест за приватизација, реализираа градби за намени предвидени со актите за планирање на просторот, а кои всушност беа само со намена: колективно домување, комерцијални, деловни, стопански, производни објекти и објекти наменети за спорт и рекреација, со што се стекнуваа со неоснована имотна корист.

Воедно, се укажува дека титулар на сопственоста на градежното земјиште во Република Северна Македонија е државата, бидејќи земјиштето е на Република Северна Македонија и државата ги определува условите за стекнување на право на сопственост на истото, а законската регулатива со која се уредува прашањето и постапката за приватизација на градежното земјиште во

државна сопственост е Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21).

Според тоа, наводите дека се ставаат во понеповолна положба лицата на кои им се започнати, а нерешени постапките за приватизација поради неажурност на органите и поради тоа се дискриминирани се неосновани, со оглед дека висината на надоместокот е изменета со оспорената Уредба само за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, чија намена е колективно домување, комерцијални, деловни, стопански, производни објекти и објекти наменети за спорт и рекреација.

Ова е со цел да е обезбеди праведност во однос на висината на надоместокот кој се плаќа за приватизација за овој вид на земјиште, во однос на исти или слични постапки, во кои правните и физичките лица се стекнуваат со сопственост над градежно земјиште во државна сопственост за многу повисок надомест, односно цена, со што на овој начин се обезбедува владеење на правото и се оневозможува злоупотребата и неоснованото стекнување на имотна корист на овој начин.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијативата да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 59</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.91/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 3, член 54 точка 3 и член 112 став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20 и 151/21 и 288/21) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека содржината на членовите 4 став (3), 54 точка 3) и 112 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), не се во согласност со членот 32, бидејќи не содржат одредби за платен неделен одмор. Имајќи ја предвид неусогласеноста со Уставот на Република Северна Македонија, според подносителот, тие се во спротивност и со членовите 51 и 8 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија, гарантира дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се

откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, а сите други прописи со Уставот на Република Северна Македонија и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот на Република Северна Македонија и законите.

Според член 4 став (3) од Законот за работните односи, за работниците кои работодавач и од територијата на земја членка на Европската Унија и работодавач од територијата на земја која не е членка на Европската Унија ќе ги упати на привремена работа во Република Северна Македонија врз основа на договор за вработување според странското право, се применуваат одредбите на овој и друг закон, кои го уредуваат работното време, дневниот и годишните одмори, ноќната работа, минималниот годишен одмор, минималната плата, заштитата при работа и посебната заштита на работниците.

Членот 54 кој зборува за договорите за вработување кои ги склучуваат деловните лица (менаџери) и предвидува дека во договорот за вработување страните можат поинаку да ги уредат правата, обврските и одговорностите од работниот однос особено, а во точката 3) предвидува дека поинаку може да се уреди и обезбедувањето на дневниот и годишниот одмор.

Во членот 112, кој го уредува надоместокот на плата, во ставот (2) е дефинирано дека работодавачот на работникот е должен да му исплати надоместок на платата во случаите на отсутност од работа поради користење на годишниот одмор, платениот вонреден одмор, дообразување, со закон определени празници и од работа слободните денови и во случаите кога работникот не работи од причини на страна на работодавачот.

Членот 133 од Законот за работните односи, предвидува дека работникот има право на дневен одмор од најмалку 12 часа непрекинато меѓу два последователни работни дена во текот на 24 часа.

Со членот 134 став (1) се утврдува дека работникот има право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато, плус 12 часа непрекинато меѓу два последователни работни дена во текот на 24 часа.

Согласно член 5 став (1) точка 1, работниот однос е договорен однос меѓу работникот и работодавачот, во кој работникот доброволно се вклучува во организираниот процес на работа кај работодавачот, за плата и други примања, лично и непрекинато ја извршува работата според упатствата и под надзор на работодавачот. Согласно точка 8 од истиот член и став, работно време е времето во кое работникот работи и ги извршува своите работи и работни задачи согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување, а согласно точката 9, утврдено е дека време за одмор е секој период кој не е работно време.
Со членот 105 дефинирано е дека работникот има право на заработувачка-плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Со оспорениот член 4 став (3) од Законот се уредува дека за работниците кои се испратени на работа во Република Северна Македонија на работа од страна на странски работодавач (кој може да биде од земја членка на Европската Унија или од друга земја, која не е членка), се применуваат одредбите на овој и друг закон, кои го уредуваат работното време, дневниот и годишните одмори, ноќната работа, минималниот годишен одмор, минималната плата, заштитата при работа и посебната заштита на работниците. Суштината на членот е дека овие

одредби, имаат супсидијарна примена во уредувањето на работниот однос на испратениот работник од странски работодавач, во однос на договорот за вработување и странското право.

Понатаму, оспорениот член 54 всушност, дава дозвола менаџерските договори да имаат поинаква содржина и поинакво уредување на работниот однос, притоа набројувајќи кои аспекти од работниот однос и каде, меѓу другите, се предвидува и можноста за поинакво уредување на обезбедувањето на дневниот и годишниот одмор.

Членот 112 став (2), кој е исто така оспорен, зборува за надоместоците на плата на коишто работникот има право, а кои на работникот му следуваат кога не е на работа поради различни основи, меѓу нив и за време на годишниот одмор.

Согласно цитираните одредби од Законот за работните односи и Уставот на Република Северна Македонија, јасно е дека работникот е платен за работата и работните задачи што ги врши според упатствата и под надзор на работодавачот, во рамките на работното време, односно дека плата се добива за извршена работа. Наспроти тоа, времето коешто не е работно време, а не е во основите за исплаќање на надоместок на плата, дефинирано е како време за одмор, кое е неопходно за обновување на работната сила на работникот и со него работникот располага согласно сопствените потреби и желби и притоа, дневниот и неделниот годишен одмор е неплатен, како што е и во законодавствата на сите останати земји. Платениот годишен одмор пак, е повисок трудов стандард, предвиден и со Уставот на Република Северна Македонија и со Законот за работните односи, широко прифатен во меѓународното право. Од наведените права работникот не може да се откаже.

Имајќи го предвид наведеното, односно дека оспорените членови 4 став (3), 54 точка 3) и 112 став (2) од Законот за работните односи не задираат во правото на дневен, неделен и платен годишен одмор ниту пак истите ги ограничуваат.

Врз основа на горенаведеното, оспорените одредби се во согласност со членовите 8 алинеја 3, 32 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија, при што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членови 4 став (3), 54 точка 3) и 112 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21).

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Кристина Костовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44759, за КО Гази Баба, КП бр. 1450, КП бр.1451, КП бр.1452, КП бр.1453, КП бр.1454, КП бр.1458/1, КП бр.1459, КП бр.1460, КП бр.1461, КП бр.1462, КП бр.1463, КП бр.1464, КП бр.1465 и КП бр.1469, викано место/улица „Перо Наков“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.42616, за КО Битола 4 на КП бр.6133, викано место/улица „Довлеџик“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните

мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.330, за КО Арвати, на КП бр.782, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 63**

Владата по Известувањето од извршител Методија Костадинов, за Заклучок за трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 8 ноември 2022 година, доставен под И .бр. 574/ 21, со Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, и по Известувањето го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

1. Владата го разреши Емрах Михтароски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, поради истек на мандатот.

2. Владата го именува Мухамед Изери за член на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола.

**Точка 65**

**1.** Владата го симна од Дневен ред Барањето за доделување на простор за потребите на Анима, Центар за личен развој, едукација и психотерапија.

Истовремено, Владата ги задолжи Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство, да подготват соодветен акт со кој ќе се уредат, утврдат и дефинираат попрецизни услови и критериуми за давање на користење на деловен простор во државна сопственост (здруженија, фондации и други), согласно Закон.

**2.** Владата по повод одбележувањето на празникот 13 Ноември-Ден на ослободување на Скопје, ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација во состав:

-д-р Никола Тупанчевски-министер за правда
-Ристо Пенов-министер за локална самоуправа и
-Беким Реџепи-заменик на министерот за транспорт и врски,

да положи цвеќе на покана на Град Скопје, согласно следната агенда:

- 11 часот -Положување цвеќе на Партизанските гробишта во Бутел;
- 11:30 часот -Положување цвеќе на Алејата на заслужните граѓани во Бутел;
- 12:30 часот-Положување цвеќе на споменикот Ослободители на Скопје, плато пред Владата на Република Северна Македонија.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за владината делегација.

3) Се задолжува Одделението за протокол при канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди покани до сите членови на владината делегација и да го организира протоколарното положување цвеќе на сите локации.

4) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да организира медиумско покривање на настанот.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Практичното упатство за подготовка на информациите кои се разгледуваат на седниците на Владата на Република Северна Македонија.

**4.** По повод укажувањето на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а по повод одбележувањето на 60 години од скопскиот земјотрес, што треба да се одржи наредната година, Владата го задолжи Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, во координација со Градот Скопје, Јапонската амбасада во Република Северна Македонија и претставници на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), да подготви соодветен предлог/програма за овој настан.

**5.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

**6.** Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината .

**7.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување на заклучок по точка 39 од Нацрт-записникот од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 октомври 2022 година, донесен по Информацијата за доставен елаборат за процена на настаната штета во 2018 година, од Општина Ново Село, за лицето Кирил Голубов, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за доставен елаборат за процена на настаната штета во 2018 година, од Општина Ново Село, за лицето Кирил Голубов и заклучи дека за истиот предмет веќе одлучила со заклучок од Нацрт-записникот од Сто шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, бр.45-8653/1 од 3.12.2019 година, дека штетата не ги исполнува законските услови“.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Изградба на патна делница Градско-Клучка Дреново, како дел од коридор X-d“, по заклучок бр.1, точка 6 од Нацрт-записникот од 99 тематска седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за хакерскиот напад на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за следење на спроведувањето на мерките од Акцискиот план за Преспанско Езеро, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври -Еурокомпозит АД Прилеп, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.61/22) и условно ја донесе Одлуката доколку текстот на истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на втората заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, што ќе се одржи на 14 ноември 2022 година во Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата кои сè уште ги немаат усогласено текстовите на договорите/меморандумите согласно Листата на договори/меморандуми кои ќе бидат на дневен ред за потпишување на меѓувладината седница помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, која ќе се одржи на 14.11.2022 година, да ги усогласат и до 12.11.2022 година да ги достават до Владата.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди преведувачи, транспорт до ресторан и хотелско сместување за Делегацијата на претседателот на Владата на Република Албанија.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за набавка на репрезентативен и протоколарен подарок.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди угостителски и други услуги од својата надлежност потребни за одржување на заедничката седница помеѓу двете влади.

5. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-Сектор за односи со јавност да организира медиумско покривање на настанот (најава и пакет за испорака до медиуми).

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе безбедносни мерки за пречек на Делегацијата, придружба и испраќање на Делегацијата на Владата на Република Албанија.

7. Се задолжува Министерството за одбрана да ги покрие трошоците за работниот ручек помеѓу двете влади.

8. Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе сите потребни активности за организирање на пречекот со сите државно-воени почести.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања да ја достави деталната гап анализа на Извештајот до ресорните институции, најдоцна до 14 ноември 2022 година како основа за ажурирање на Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ.

**Точка 73**

Владата го разгледа Деталниот преглед на рокови за доставување на материјали до Европска комисија за билатерален скрининг, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер-Фундаментални вредности Поглавје 24-Правда, слобода и безбедност, кој ќе се одржи од 21 до 23 ноември 2022 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува работната група за Поглавје 24-Правда, слобода и безбедност при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи како носител на Поглавјето 24-Правда, слобода и безбедност, веднаш до Секретаријатот за европски прашања да достави листа на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 24-Правда, слобода и безбедност, кои ќе присуствуваат и презентираат теми, согласно нивниот делокруг на работа.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишувањето на Меморандум за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Државниот министер за заштита на претприемништво на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Државниот министер за заштита на претприемништво на Република Албанија.

2. Го овласти м-р Крешник Бектеши, министер за економија да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Државниот министер за заштита на претприемништво на Република Албанија.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори, со усогласен текст на Договор за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло.

2. Се определува доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло.

**Точка 77**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори и за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за надворешни работи и трговија на Унгарија во рамки на Програмата Стипендиум Хунгарикум за период од 2023 до 2025 година, со текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за надворешни работи и трговија на Унгарија во рамки на Програмата Стипедиум Хунгарикум за период од 2023 до 2025 година, со заклучок предлагачот да достави англиска верзија на истиот.

2. Ја овласти Анета Трпевска, државен секретар на Министерството за образование и наука, да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за надворешни работи и трговија на Унгарија во рамки на Програмата Стипедиум Хунгарикум за период од 2023 до 2025 година.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството и ја донесе Одлуката со заклучок, текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 79**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за завршените преговори за потпишувањето на Меморандумот за разбирање и соработка во областа на јавни финансии и во процесот за пристапување во Европската Унија помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандум за разбирање и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање и соработка во областа на јавни финансии и во процесот за пристапување во Европската Унија помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија на Република Албанија.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии да го потпише Меморандумот за разбирање и соработка во областа на јавни финансии и во процесот за пристапување во Европската Унија помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија на Република Албанија.

**Точка 81**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за статусот на Проектот за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

**Точка 82**

Владата го симна од Дневен ред Барањето на Арда Окан Куртулан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија.

**Точка 83**

Владата го разгледа Барањето на Калкан Берат за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 84**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за усогласување на Меморандумот за разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија во полето на дигиталната трансформација, претставувана од Министерството за информатичко општество и администрација и Владата на Република Албанија, за наредната седница на Владата.

**Точка 85**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договор меѓу Влада на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договор меѓу Влада на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста,

2. Се определува Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот меѓу Влада на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Меморандумот за соработка во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандумот и ја усвои со следниве заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерсво за инфраструктура и енергетика на Република Албанија.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да го потпише Меморандумот за соработка во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија за соработка во енергетскиот сектор.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 15 ноември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти м-р Исмаил Лума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 15 ноември 2022 година, со почеток во 12:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Заклучоците да се достават до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 15 ноември 2022 година, односно да гласа како што е утврдено во четвртиот и петтиот заклучок.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести ЕВН Македонија АД Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје.

4. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа ,,ЗА“, и тоа по однос на точките:
1) Избор на претседавач на Собранието;
2) Верификација на списокот на присутни акционери, односно полномошници на акционери;
3) Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување (кворум) на Собранието на Друштвото и

4) Избор на бројач/и на гласови.

5. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:
- За точка 1 „Предлог-одлука за отповикување член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје“, да гласа „ЗА“.
- За точка 2 „Предлог-одлука за избор на нов член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје“, да гласа „ЗА“.
- За точка 3 „Разно“ да гласа „ВОЗДРЖАНО“

**Точка 88**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Друштвото за производство, собирање, преработка и рециклирање на отпад Финс интернационал ДООЕЛ Тетово, со Предлог-одлука.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 89**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |